***З А П И С Н И К***
***од трета седница на новоизбраниот***
***Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 23.12.2025 година***

Седницата се одржа во Салата за состаноци во Домот на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 10 (десет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот Никола Дранговски, Маја Велеска, Љупчо Најдовски, Богдан Стојановски, Валентина Ѓорѓиовска, Марија Ѓоргиовска, Илче Ангелевски, Ивана Димчевска-Гикоска, Клара Кузмановска и Гоце Јончевски. Отсутна беше советничката Марија Христовска. Од општинската администрација присутни беа Мише Милошевски, Игор Дамјановски, Катерина Огненовска, Вера Трајковска и Даниел Станојовски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување Записник од втора седница на Совет
Записникот беше усвоен со 10 „за“ против и воздржани немаше.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за укинување на Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2025 година.
2. Донесување на Одлука за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2026 година.
3. Донесување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2026/2027 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар.
4. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2026 година.
5. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2026 година.
6. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2026 година.
7. Донесување на Програма за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2026 година.
8. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2026 година.
9. Донесување на Програма за јавно осветлување за 2026 година на подрачјето на општина Демир Хисар.
10. Донесување на Годишна програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2026 година.
11. Донесување на Предлог Програма за ревитализација по елиминарање на кризи на Општина Демир Хисар за 2026 година.
12. Донесување на Предлог Програма во областа на заштитата и спасување за 2026 година.

13. Донесување Одлука за именување на лица во составот на штабот за заштита и спасување во Општина Демир Хисар.
14. Запознавање со содржината на етичкиот кодекс за локални функционери и потпишување на изјави за прифаќање.
15. Донесување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во 2026 година.
16. Донесување на Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2026 година
17. Донесување на Програма за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2026 година.
18. Донесување на Програмата за Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2026 година.
19. Донесување на Програма за работа во обласга на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2026 година.
20. Донесување на Предлог Годишна Програма за активности еднакви можности на жените и мажите во општина Демир Хисар за 2026 година.
21. Донесување Решение за именување на член во Училишен одбор-претставник од општина Демир Хисар во ООУ „Браќа Миладиновски с.Жван Општина Демир Хисар.
22. Донесување на Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈКП "Комуналец" Демир Хисар.
23. Донесување на Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈКП "Комуналец" Демир Хисар.
24. Донесување на Решение за разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.
25. Донесување на Решение за именување на членови во Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.
26. Донесување на Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈП "Дехи Транс" Демир Хисар.
27. Донесување на Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈП "Дехи Транс" Демир Хисар.
28. Донесување на Решение за разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар.
29. Донесување на Решение за именување на членови во Надзорен одбор на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар.
30. Донесување на Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар.
31. Донесување на Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар.
32. Донесување на Решение за разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар.
33. Донесување на Решение за именување на членови во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар.
34. Донесување на Решение за разрешување на членови во Управен одбор на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар.
35. Донесување на Решение за именување на членови во Управен одбор на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар.
36. Донесување на Решение за разрешување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор за материјално финансиско работење на општина Демир Хисар.
37. Донесување на Решение за именување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор за материјално финансиско работење на општина Демир Хисар.

38. Донесување на Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈЗУ „Здравствен дом” Демир Хисар.
39. Донесување на Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈЗУ „Здравствен дом” Демир Хисар.
40. Донесување на Решение за разрешување на Комисијата за проценка и утврдување на штети од природни непогоди и други несреќи.
41. Донесување на Решение за формирање на Комисијата за проценка и утврдување на штети од природни непогоди и други несреќи.
42. Донесување на Решение за разрешување на претседател и 6 членови во Совет за заштита на потрошувачите.
43. Донесување на Решение за формирање на Совет за заштита на потрошувачите.
44. Донесување на Решение за формирање на Локален совет за превенција.
45. Донесување на Одлука за формирање на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Демир Хисар.
46. Донесување Решение за именување на членови во Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот.
47. Предлози и прашања.

Претседателот на Советот Никола Дранговски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. Забелешки по дневниот ред немаше. Со 10 „за“ беше усвоен дневниот ред против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Одлука за укинување на Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2025 година***

За Одлуката за укинување на Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2025 година објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. На предходната седница се донесе План за развојни програми за 2026 година, од министерството за финансии беше побарано да се укини развојната програма за 2025 година, од тие причини се предлага оваа одлука. Истата е од технички карактер, планираните проекти ќе се реализираат. Дискусија немаше. Со 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Одлука за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2026 година***

За Одлуката за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2026 година објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Претседателот на Советот Никола Дранговски праша дали предложените износи се исто како и предходната година. Раководителот Мише Милошевски објасни се зголемени за разлика од предходна година. Дискусија повеќе немаше. Со 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 3. Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2026/2027 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар***

За Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2026/2027 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Претседателот на Советот Никола Дранговски праша дали истиот износ беше и предходната година, дали потребната документација останува иста. Претставникот Мише Милошевски објасни предходната година беше 3.000 денари оваа година се зголеми на 7.000 денари, а документација за остварување на ова право останува иста. Дискусија повеќе немаше. Со 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 4. Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2026 година***

Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2026 година беше усвоена од Комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Љупчо Најдовски. Советничката Клара Кузмановска побара објаснување до кој период во текот на годината се пријавува. Претседателот на комисијата Љупчо Најдовски објасни барањата се

поднесуваат во текот на целата година, а ги разгледува комисијата за опшествени дејности, на седницата беа разгледани девет барања, од кои осум беа одобрени, а едно беше одбиено. Потоа предложи сите програми кои беа разгледани на комисијата беа усвоени, затоа можи и заедно да се разгледуваат и гласаат. Советничката Валентина Ѓорѓиовска не се согласи со предлогот, програмите треба да се разгледуват поединечно. Во врска со програмата објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Советничката Марија Ѓоргиовска праша за документацијата што е потребна за остварување на ова право, бидејќи лицата кои поднесуваат барање се упатуваат до Центарот за социјална работа од каде му се издава потврда дали истите се корисници на социјална помош или нега, доколку се истите неможат да остварат прави на еднократна парична помош од општината. Овие случаеви имаат ниски примања тие се социјални случаеви и би требало да можат да го остварат правото од оваа програма. Раководителот Мише Милошевски објасни проблемот е во фискалната децентрализација, општината има надлежност да помага на социјално загрозени семејства, пренесена надлежност, а средства нема од централната власт. Иста таква надлежност има и Центарот за социјална работа и овие надлежности се дуплираат, од друга страна општината преку оваа програма помага на семејства кои немаат примања, помага на семејства кои се нашле во состојба на социјален ризик поради болест, помага на семејства кои имаат лице со попреченост, а можностите се тие средствата се ограничени. Направени се измени во правилникот право на користење на средства од оваа програма да имаат и лица со малигни заболувања и семејства кои имаат примања. Советничката Клара Кузмановска праша дали има горна граница. Претставникот Мише Милошевски објасни има горна граница колку средства максимално можат да се доделат најважно е средствата да се доделат таму каде најмногу се потребни, ограничени сме со средтва. Советникот Љупчо Најдовски праша дали се исплатени барањата од предходната година за настаната штета од пожар. Колку што имам информација има неисплатени барања да се планираат да се исплатат, да му се даде помош на семејствата кои претрпеле штета. Претставникот Мише Милошевски објасни некој барања се исплатени, дали се сите нема информација, ќе провери. Дискусија повеќе немаше. Со 10 „за“ беше донесена програмата, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 5. Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2026 година***

Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2026 година беше усвоена од Комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Љупчо Најдовски. Во врска со програмата објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Во врска со програмата советникот Богдан Стојановски забележа финансирањето на овие активности се од буџетот на општината, АМС сега е министерство, потоа праша дали има иницијатива да се побара приходи од други извори. Претседателот на Советот Никола Дранговски објасни клубовите аплицираа и добиваа ваучери дали сега има нешто такво нема информација. Советникот Богдан Стојановски предложи да се заинтересираме да се види што можи да се направи да се добијат средства за активностите од оваа програма. Советничката Валентина Ѓорѓиовска имаше забелешка зошто во програмата не се планира средства за талентирани ученици кои учествуваат на натпревар на државно ниво. И во предходни години се разговарало за истото ништо не е направено. Претседателот на Советот Никола Дранговски се согласи предлогот е добар би можело да се дополни во точка 7 од програмата за финансика поддршка на талентирани млади лица, да се додеаде и ученици од основни и средно училиште од Општина Демир Хисар кои освоиле 1, 2 или 3 место на државни натпревари. Претставникот Мише Милошевски објасни градоначалникот ги наградува учениците кои се прогласени првенец на генерација во основните училишта за нив училиштата поднесуваат барање и се доделува ваучери, за талентирани ученици кои оствариле резултати немаме информација ако се планира финансика поддршка за оваа намена треба да се определат и правила дали тоа ќе биде преку повик со поднесено барање од поединци или од училишта и со документација доказ. Советничката Валентина Ѓорѓиовска забележа зошто да е со повик можи општината да организира настан, за првачињата не се поднесува барање, а советничката Клара Кузмановска забележа како да се доделува по автоматизам ако не се поднесува барање. Советникот Гоце Јончевски предложи училиштата да

поднесат барање-допис со кој ќе ја известат општината за учениците кои оствариле резултати на натпревари добиле наградa на државно ниво. Претставникот Мише Милошевски објасни и за првачињата се поднесува барање потврда од училиштето дека се запишани во училиште на територијата на општина Демир Хисар мода да се отвори предмет да има основ по кој ќе се врши исплата без документација неможи. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата со предлогот за дополнување во точка 7. и ученици од основни и средно училиште од Општина Демир Хисар кои освоиле 1, 2 или 3 место на државни натпревари гласаа 9 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 6. Програма за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2026 година***

Програмата за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2026 година беше усвоена од Комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Љупчо Најдовски. Во врска со програмата објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Претседателот на Советот Никола Дранговски побара информација кој здруженија имаат земено средства. Претставникот Мише Милошевски објасни во моментот нема информација ќе има извештај ќе се знае. Средствата да се доделуваат на здруженија кои се од општина Демир Хисар, а не на здруженија од други општини истакна советникот Гоце Јончевски. Претставникот Мише Милошевски објасни има правилник според кој се доделуваат средствата и со правилникот опфатени се само здруженија кои се регистрирани во општина Демир Хисар, но неможам да кажам дека неможи да се случи да се исплатат и на други здруженија. Во Демир Хисар има регистрирано 50-60 здруженија според регистерот но малку од нив се активни. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша дали има список на здруженијата. Претставникот од општината Игор Дамјановски ги замоли советниците да ја посетуваат веб страницата на општината таму ги има сите правилници, нова е веб страната доста добро е изготвена, богата со информации, затоа сме и најтранспаретна општина. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша зошто средствата не се доделуваат со објавување на повик, така е најдобро. Претставникот Мише Милошевски објасни предходни години имаше објавено повик само една година, имаше доста пријавено се избраа 11 проекти, целта беше да се поттикнат здруженијата да бидат активни, но за тоа треба да има сигурни средства, не може после цела постапка да не му ги платиш средствата. Според правилникот така треба да биди не мора да се многу проекти може да се доделат на 2-3 проекти, но да не бидат за покривање на патни трошоци, репрезентации. Претседателот на Советот Никола Дранговски се согласи со повик е најдобро, инаку е како доделување еднократна помош. Советникот Богдан Стојановски дополни извештајот треба да биде обврска кога се бара средства. Претставникот Милошевски додаде извештај мора да има ако се оди со објавување на повик треба да се оди по правилникот. Дискусија повеќе немаше. Со 10 „за“ беше донесена програмата.

***ТОЧКА 7. Програма за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2026 година***

Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2026 година беше усвоена од Комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Љупчо Најдовски. Во врска со програмата објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Советничката Валентина Ѓорѓиовска истакна во врска со оваа програма посебен акцент да се стави на прскање прва фаза март-април, додека комарецот е во ларва, ако оваа фаза се прескокни ефкетите се многу мали. Советникот Гоце Јончевски додаде за тоа треба стручниот надзор да се грижи. Претставникот Мише Милошевски објасни објавуваме јавен повик не секогаш иста фирма го зема тендерот, и Центарот за јавно здравје го имаше земено земаат тендери во повеќе општини имаат една екипа екипа, не се во можност навреме да стигнат да се изврши прскањето. Првата фаза треба да е прскање кај застоени води, прскање покрај реки нема ефект, исто треба да има и пристап регионален или локален пат, се предлагаше и за авионско прскање но тоа е многу скапо и е наменето за населени места. Исто треба да се внимава и кој период од денот се прска. Советникот Богдан Стојановски имаше прашање за дератизацијата, која е потребата да се врши во Велмевци каде има многу малку жители. Претставникот Мише Милошевски објасни дератизација се врши каде има канализација, во Велмевци

има канализациона мрежа и таа е во функција. Исто така дератизација се врши по барање во училиштата, во Здравствениот дом се излегува во пресрет. Советничката Валентина Ѓорѓиовска уште еднаш истакна најефикасно е прскање во првата фаза кога комарецот е ларва, ако тоа не се изврши нема ефект прскањето кога комарците се возрасни. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 8. Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2026 година***

Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2026 година беше усвоена од Комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Љупчо Најдовски. Во врска со програмата објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Во врска со програмата советникот Богдан Стојановски истакна во Демир Хисар има многу заболени од канцер, треба да се отвори поширока дебата за оваа, прво да се најде причинителот дали има извор на зрачење што придонесува за вакви заболувања. Секој момент ситуацијата станува се поалармантна, како мподрачје немаме тешка индрустрија, за ова треба да се разговара. Претставникот Мише Милошевски објасни за ова е разговарано правени се испитувања од јонизирачко зрачење нема високо ниво, причините за тоа е и заради РЕК Битола има присуство на ураниум на поширокото подрачје, исто така и високо ниво на хлор во водата за пиење може да биде како причина ги уништува некој бактерии ова е неофицијално само како можен фактор. Советникот Богдан Стојановски праша јонизирачкото зрачење кој го испитуваше. Претставникот Мише Милошевски објасни Бранко Стефановски од Стругово има своја фирма. Години наназад се мислеше дека громобранот на фармата во Белче е извор на зрачење кој предизвикува заболување од канцер, се правеше напор да се дислоцира, но потоа како проблем беше каде ќе се депонира треба депонија за таков отпад, тоа беше пред повеќе години дали е дилоциран или не немам информација. Министерството за животна средина требаше тоа да го направи на нивни трошок. Треба и за тоа се разговара да се отстрани громобранот ако не е отстранет или да се задолжи сопственикот да го реши тоа. Советникот Гоце Јончевски како можен проблем го наведе и изворите на водата за пиење, да се изготви проект да се користат изворите на Река Црна за вода за пиење. Претставникот Мише Милошевски објасни и за тоа е разговарано треба да се препумпува водата ќе треба секое населено место да има пумпна станица тоа е скап проект. Центарот за јавно здравје постојано врши испитување на водата за пиење на водоводните мрежи кој ги оддржува ЈКП Комуналец водата е исправна, исто така врши редовно испитување и на водоводните мрежи кој не ги оддржува ЈКП Комуналец таму се бактериолошки неисправни води. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 9. Програма за јавно осветлување за 2026 година на подрачјето на општина Демир Хисар***

Програмата за јавно осветлување за 2026 година на подрачјето на општина Демир Хисар беше усвоена од Комисијата за јавни и комунални дејности. Во врска со програмата излагање имаше претставникот Мише Милошевски. Советникот Гоце Јончевски праша каде се распоредуваат други средства од приходите кои не се дел од оваа програма. Претставникот Мише Милошевски објасни и на комисијата се дискутираше за тоа овие средства дел од приходите во Буџетот, 3.200.000 се наменети за оваа програма, а другите средства како приход момжи да се распоредат во било која програма и ставка во зависност од потребите. Советничката Валентина Ѓорѓиовска објасни во програмата за уредување на земјиште ги има треба и овде да се прикаже, треба да стои дека се пренасочени. Претставникот Милошевски додаде оваа програма е дел од таа програма само овде е подетално опишано. Пред повеќе години средствата од уличното осветлување не беа доволни да се платат фактурите за потрошената електрична енергија за улично, па од буџетот се дополнуваше. Овие приходи се дел од приходната рамка, а потоа се распоредуваат по програми во расходниот дел според планираните расходи. Советникот Љупчо Најдовски објасни ова е приход кој го плаќаат граѓаните со сметките за улично осветлување тој се префрла на општината, а потоа општината ги распоредува овие средства. Во 2006 година кога бев градоначалник донесовме одлука да вработиме лице за одржување на

уличното, бидејќи многу средства ни наплаќа, промената на сијалица чинеше повеќе од цената на сијалицата. Во насока на дискусијата претставникот Игор Дамјановски објасни општина Демир Хисар има вработено две лица за оддржување на уличното осветлување, со што има огромна заштеда, во спротивно требаше да објавува јавна набавка за оддржување на уличното, да избери фирма и можеби целиот приход да биди малку само за оддржување или да не е доволно. Исто така направена е промена на уличното осветлување со штедливи сијалици затоа и останууваат толку средства од приходот. Во тој дел сме една од најдобрите општини. Советничката Клара Кузмановска во својата дискусија истакна во Сопотница има дел од улици кои не се осветлени или оштетена е инсталацијата, а луѓето плаќаат за улично, се заканууваат со тужба. Ако нема услови за да се пушти кабел нека се намести соларно Претставникот Игор Дамјановски објасни дека запознат е со проблемот, има изградено дивоградби ЕВН ги има приклучено и сега бараат улично, ако го направиме тоа и ние сносиме одговорност тоа се случува со дивоградбите. Разгледувани се повеќе решенија. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 10. Годишна програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2026 година***

Годишната програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2026 година беше усвоена од Комисијата за јавни и комунални дејности. Во врска со програмата излагање имаше претставничката Вера Трајковска. При тоа објасни оваа година се планирани дополнително средства од буџетот на општината, оваа програма прв пат е изготвена 2005 година од тогаш е иста и цената е иста треба да се направи промена. Претседателот на Советот Никола Дранговски во насока на тоа додаде и називи има исто кои треба да се променат пример „Дехитекс“. Советникот Гоце Јончевски забележа има планирано поставување на знамиња, тие се поставени не се собираат, а советникот Богдан Стојановски забележа косење тревници 6 повторувања одвај 2 пати се коси барем тој кај што живее и собирање на покосена трева тоа не се врши. Претставничката Вера Трајковска објасни се реагира постојано, тие се жалат немаат доволен број на работници, а бараат да се плаќа услугата. Советникот Гоце Јончевски додаде по улица Битолска и кај Здравствениот дом редовно се коси за тоа нема забелешка. Советничката Клара Кузмановска побара да се најде начин да се реши проблемот со домовите кои се празни, никој не живее во нив не се оддржуваат дворовите па претставуваат опасност за соседните куќи, можеби ова не е дел од оваа програма, но тоа претставува проблем или да се задолжуваат сопствениците да ги чистат барем на некој разумен период или ЈКП Комуналец да го чисти и да му наплаќа. Треба со казни да се оди само така ќе се среди. Исто и објектите кои се градат кај манастирот Сопотница да има некој проекти на куќи кога ќе ги погледнеш да има убав изглед се градат кој како ќе му текне. Претставникот Игор Дамјановски праша дали се легални тие објекти. Проблемот со дивоградбите е голем има експанзија на градење на диво се надеваат на нов закон за легализација и пак истиот проблем ЕВН му приклучува струја после ќе бараат улично. Советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде некаде нема можност да се добие одобрени за градба има многу такви места каде нема урбанистички планови. Претставникот Игор Дамјановски објасни немаме доволно кадар најголем проблем ни е урбанизмот. Советничката Ивана Димчевска Гиковска забележа и за зимско оддржување на улиците кај нивната улица никогаш во зима не се чисти од снег. Во врска со тоа проблем се возилата кои се паркирани по улиците не можи машината да помини објасни претставникот Игор Дамјановски. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 11. Програма за ревитализација по елиминарање на кризи на Општина Демир Хисар за 2026 година***

За Програмата за ревитализација по елиминарање на кризи на Општина Демир Хисар за 2026 година објаснување имаше претставникот Игор Дамјановски. Во врска со точката немаше дискусија. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 12. Предлог Програма во областа на заштитата и спасување за 2026 година***

За Програмата во областа на заштитата и спасување за 2026 година објаснување имаше претставникот Игор Дамјановски. При тоа објасни општината изготви локална стратегија, иако на

државно сеуште не готова. Во врска со точката немаше дискусија. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 13. Одлука за именување на лица во составот на штабот за заштита и спасување во Општина Демир Хисар***

За Одлуката за именување на лица во составот на штабот за заштита и спасување во Општина Демир Хисар имаше претставникот Игор Дамјановски. Претседателот на комисијата за мандатни праша избори и именување Маја Велеска го изнесе предлогот од комисијата За Командант на Штабот се именува Никола Најдовски, Градоначалник на Општина Демир Хисар, Началник на Штабот се именува Игор Дамјаноски, вработен во Општина Демир Хисар, за помошник на Началникот за оперативни работи се именува Гоце Мицковски, директор на ЈКП Комуналец Демир Хисар, помошник на Началникот за прва медицинска помош се именува д-р Габриела Чадевска Тасевска, вработена во ЈЗУ Здравствен дом Демир Хисар, во службата за итна медицинска помош, помошник на Началникот за згрижување и евакуација се именува Томе Милошовски, вработен во Општина Демир Хисар, помошник на Началникот за заштита и спасување од пожари се именува Васко Илиевски, вработен во Општина Демир Хисар, распореден во ТППЕ Демир Хисар, помошник на Началникот за заштита и спасување од поплави се именува Васко Младеновски, вработен во ПЕ Демир Хисар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во делот помошен персонал: извршител-администратор се именува Злате Бошевски, вработен во Општина Демир Хисар, извршител-курир/возач се именува Оливер Петровски, вработен во Општина Демир Хисар иа извршител-курир/возач се именува Живко Бошевски, вработен во ЈКП Комуналец Демир Хисар. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 10„за“ воздржани и против немаше.

***ТОЧКА 14. Запознавање со содржината на етичкиот кодекс за локални функционери и потпишување на изјави за прифаќање***

Во врска со содржината на етичкиот кодекс за локални функционери и потпишување на изјави за прифаќање излагање имаше претставникот Игор Дамјановски. Советниците немаа забелешки. Исто така беа потпишани изјави кои се составен дел на седничкиот материјал. Едногласно беше донесен заклучок за објавување на содржината од етичкиот кодекс.

***ТОЧКА 15. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во 2026 година***

За Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во 2026 година објаснување имаше претставничката Катерина Огненовска беше усвоена од Комисијата за урбанизам комунални работи и ЗЖС со предлог за дополнување за поставување на урбана опрема детски реквизити во Мургашево. Претседателот на Советот Никола Дранговски предложи да се дополни исто и во Белче, Журче на предлог на советникот Љупчо Најдовски и Сопотница на предлог на советничката Клара Кузмановска. Советничката Ивана Димчевска Гиковска предложи да се постават камери кај игралиштето во населбата да не се оштетуваат реквизитите. Претседателот на Советот Никола Дранговски предложи да се провери дали законски е дозволено на такви локации да се поставуват камери. За донесување на програмата гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше дополена со предлогот.

***ТОЧКА 16. Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2026 година***

За Програмата за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2026 година објаснување имаше претставничката Катерина Огненовска беше усвоена од Комисијата за урбанизам комунални работи и ЗЖС. Советникот Гоце Јончевски побара објаснување за кој дел од улицата Маршал Тито се планира. Советникот Љупчо Најдовски предложи во делот каде има планирани проекти за кој има техничка документација, а нема обезбедени средства да се дополни проектот за изградба на пат и мост во с.Журче и улици две помали улици. Тоа се два проекти да се направи обид барем за едниот да се обезбедат средства, во Журче нема ништо инвестирано. Претставничката Катерина Огненовска објасни во тој дел од програмата се планирани проекти со кој ќе се аплицира за добивање на финансиски средства. Претседателот на Советот Никола Дранговски се согласи да се

дополни програмата. Советникот Илче Ангелевски во својата дискусија објасни во 2023 година во Кутретино и Суводол се асфалтираше улици останата е уште една да се планира да се изготви проект за неа. Претставничката Катерина Огненовска објасни таа улица е многу мала нема потреба да се аплицира за средства, ќе се асфалтира со сопствени средства. Советничката Клара Кузмановска предложи да се дополни програмата во точка 1. Изготвување на техничка документација реконструкција на улици и тротоар со паркинг места кај Рудничка населба во Сопотница. За тоа не треба да се планираат средства. Советникот Љупчо Најдовски објасни во оваа точка има финансиска конструкција ако се дополни треба и средства да се планираат, за да се планираат дополнителни средства, треба од некоја програма да се скратат, треба да се знае каде да се скрати, не може да се менува рамката на буџетот. Општината објавува повик избира фирма со определена сума за изготвување на планирани проекти. Советничката Клара Кузмановска објасни од друга ставка каде нема да се потрошат. Советникот Љупчо Најдовски објасни тоа можи со ребалансот да се планира. Други предлози немаше. Со 10 „за“ беше донесена програмата со дополнувањето за проектната документација за Журче.

***ТОЧКА 17. Програма за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2026 година***

За Програмата за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2026 година објаснување имаше претставничката Катерина Огненовска беше усвоена од Комисијата за урбанизам комунални работи и ЗЖС. Претседателот на Советот Никола Дранговски праша за оддржување на локалните патишта за зимско оддржување. Претставничката Катерина Огненовска објасни за зимско оддржување општината можи да распише тендер да избери фирма или да го даде на ЈКП „Комуналец“. Општината го дава на ЈКП „Комуналец“ за да се дадат средствата на претпријатие основано од општината и финансиски да се помага. Советничката Валентина Ѓорѓиовска побара објаснување за приходите планирани во програмата. Пример во програма ЈЗ приходи од комунална такса за улично осветлување во програмата за јавно осветлување вкупно беа 9.000.000, овде се планирани 5.046.000 дел, а во програма ЈЗ планирани се 3.200.000, исто и јавна чистота 954.000 се планирани приходи, во поединечната програма 1.300.000 зошто не се планирани сите приходи. За финансискиот дел од оваа програма на наредната седница објаснување ќе дадат претставници од финансии. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 6 „за“ 3 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 18. Програма за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2026 година***

За Програмата за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2026 година објаснување имаше претставничката Катерина Огненовска беше усвоена од Комисијата за урбанизам комунални работи и ЗЖС, при тоа објасни дека проблем за донесување на ГУП за Демир Хисар е парцела која е под закуп, ако не се продолжи закупот ќе може да се изработи. Советникот Богдан Стојановски објасни дека тој работи со таа проблематина нема добиено барање за продолжување на закупот на таа парцела. Советничката Валепнтина Ѓорѓиовска побара објаснување што треба да се случи да се изготви ГУП-от а потоа праша за Општите акти и други УП, и за тоа како се гради инфраструктура каде нема општи акти. Претставничката Катерина Огненовска објасни ако не се продолжи закупот ќе можи да се работи на изготвување на ГУП, но исто така треба и архитект, потоа дополни за инфраструктура можи да се работи, но и за тие проекти полесно ќе биде ако има УП. Дискусија повеќе немаше. Со 10 „за“ беше донесена програмата.

***ТОЧКА 19. Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2026 година***

За Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2026 година објаснување имаше претставничката Катерина Огненовска беше усвоена од Комисијата за урбанизам комунални работи и ЗЖС. Претседателот на Советот Никола Дранговски побара објаснување околу отуѓување на земјиштето и реализација по оваа програма. Претставничката Катерина Огненовска објасни имаше три лица кои имавме областување, но истечени се лиценците, треба нови лиценци, но треба и кадар.

Досега немаме отуѓено земјиште, иако тоа е добар приход. Дискусија повеќе немаше. Со 10 „за“ беше донесена програмата.

***ТОЧКА 20. Годишна Програма за активности еднакви можности на жените и мажите во општина Демир Хисар за 2026 година***

Годишната Програма за активности еднакви можности на жените и мажите во општина Демир Хисар за 2026 година беше усвоена од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите. За оваа програма немаше дискусија. Со 10 „за“ беше донесена програмата.

***ТОЧКА 21. Решение за именување на член во Училишен одбор-претставник од општина Демир Хисар во ООУ „Браќа Миладиновски с.Жван Општина Демир Хисар***

Решението за именување на член во Училишен одбор-претставник од општина Демир Хисар во ООУ „Браќа Миладиновски с.Жван Општина Демир Хисар беше на дневен ред на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. За член беше предложена Ана Станковска од с.Жван. Други предлози немаше. Со 7 „за“ и 3 „воздржани“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 22. Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈКП "Комуналец" Демир Хисар***

Решението за разрешување на членови во Управен одбор на ЈКП "Комуналец" Демир Хисар беше усвоено од Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 23. Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈКП "Комуналец" Демир Хисар***

Решението за именување на членови во Управен одбор на ЈКП "Комуналец" Демир Хисар беше на дневен ред на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Комисијата ги предложи Катерина Костовска од Демир Хисар, Петар Велевски од Сопотница, Анита Цветковска од Демир Хисар, Анита Богдановска од Сопотница и Никола Најдовски од Демир Хисар. Дискусија немаше. Со 7 „за“ и 3 „воздржани“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 24. Решение за разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

Решението за разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар беше усвоено од Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 25. Решение за именување на членови во Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

Решението за именување на членови во Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар беше на дневен ред на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Комисијата ги предложи Христијан Ристевски од Слепче, Ивица Таневски од Суводол и Даниела Толевска Нешковска. На комисија беше предложена Даниела Трајковски но треба да биди Даниела Толевска Нешковска. Дискусија немаше. Со 7 „за“ и 3 „воздржани“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 26. Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈП "Дехи Транс" Демир Хисар***

Решението за разрешување на членови во Управен одбор на ЈП "Дехи Транс" Демир Хисар беше усвоено од Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Советничката Маја Велеска го извести советот дека за точките кои се однесуваат на ЈП Дехи Транс нема да учествува во гласањето поради судир на интереси. Дискусија немаше. Со 9 „за“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 27. Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈП "Дехи Транс" Демир Хисар***

Решението за именување на членови во Управен одбор на ЈП "Дехи Транс" Демир Хисар беше на дневен ред на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Комисијата ги предложи Марина Колевска од с.Вардино, Сузана Ванчевска од Кутретино, Златко Јовановски од Суводол, Ивица Гацовски од Суводол и Александар Поповски од Слепче. Други предлози немаше. Со 6 „за“ и 3 „воздржани“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 28. Решение за разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар***

Решение за разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар беше усвоено од Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Дискусија немаше. Со 9 „за“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 29. Решение за разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар***

Решението за именување на членови во Надзорен одбор на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар беше на дневен ред на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Комисијата ги предложи Симеон Наловски од Демир Хисар, Валентина Талевска од Демир Хисар и Мартин Димовски од Демир Хисар. Други предлози немаше. Со 6 „за“ и 3 „воздржани“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 30. Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар***

Решението за разрешување на членови во Управен одбор на ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар беше усвоено од Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Дискусија немаше. Со 10 „за" беше донесено решението.

***ТОЧКА 31. Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар***

Решението за именување на членови во Управен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар беше на дневен ред на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Комисијата ги предложи Марија Велевска од Сопотница, Васа Талевска од Демир Хисар и Весна Гицовска од Сладуево. Други предлози немаше. Со 7 „за" и 3 „воздржани" беше донесено решението.

***ТОЧКА 32. Решение за разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар***

Решението за разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар беше усвоено од Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Дискусија немаше. Со 10 „за" беше донесено решението.

***ТОЧКА 33. Решение за именување на членови во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар***

Решението за именување на членови во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар беше на дневен ред на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Комисијата ги предложи Кети Митревска од Света, Јасмина Василевска Перчаковска од Демир Хисар и Весна Николовска Прибилци. Други предлози немаше. Со 7 „за" и 3 „воздржани" беше донесено решението.

***ТОЧКА 34. Решение за разрешување на членови во Управен одбор на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар***

Решението за разрешување на членови во Управен одбор на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар беше усвоено од Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Дискусија немаше. Со 10 „за" беше донесено решението.

***ТОЧКА 35. Решение за именување на членови во Управен одбор на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар***

Решението за именување на членови во Управен одбор на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар беше на дневен ред на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Комисијата ги предложи Цвете Христовска од Демир Хисар, Христијан Тасевски и Драган Станковски, од редот на вработените Зоран Котевски и на предлог на градоначалникот Билјана Пејковска. советничката Марина Ѓорѓиовска праша дали предложените членови Драган Станковски и Христијан Тасевски се со високо образование, исто така додаде предложениот член Драган Станковски и досега беше член има забелешка за него за учеството во работата на Управниот одбор. Бидејќи советниците немаа информација дали предложените членови ги исполнуваат условите за членови во управниот одбор претседателот на Советот Никола Дранговски предложи да се одложи точката за наредна седница. Едногласно беше прифатен предлогот.

***ТОЧКА 36. Решение за разрешување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор за материјално финансиско работење на општина Демир Хисар***

Решението за разрешување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор за материјално финансиско работење на општина Демир Хисар беше усвоено од Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Дискусија немаше. Со 10 „за" беше донесено решението.

***ТОЧКА 37. Решение за именување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор за материјално финансиско работење на општина Демир Хисар***

Решението за именување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор за материјално финансиско работење на општина Демир Хисар беше на дневен ред на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Комисијата ги предложи за претседател Виолета Балуловска од Слепче, Сандра Пејковска од Доленци и Михаил Стефковски од Демир Хисар. Други предлози немаше. Со 7 „за" и 3 „воздржани" беше донесено решението.

***ТОЧКА 38. Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈЗУ „Здравствен дом" Демир Хисар***

Решението за разрешување на членови во Управен одбор на ЈЗУ „Здравствен дом” Демир Хисар беше усвоено од Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 39. Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈЗУ „Здравствен дом” Демир Хисар***

Решението за именување на членови во Управен одбор на ЈЗУ „Здравствен дом” Демир Хисар беше на дневен ред на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Комисијата ги предложи Јасмина Митревска од Вардино и Елеонора Најдовска од Журче. Други предлози немаше. Со 7 „за“ и 3 „воздржани“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 40. Решение за разрешување на Комисијата за проценка и утврдување на штети од природни непогоди и други несреќи***

Решението за разрешување на Комисијата за проценка и утврдување на штети од природни непогоди и други несреќи беше усвоено од Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 41. Решение за формирање на Комисијата за проценка и утврдување на штети од природни непогоди и други несреќи***

Решението за формирање на Комисијата за проценка и утврдување на штети од природни непогоди и други несреќи беше на дневен ред на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Комисијата ги предложи за претседател Васко Младеновски, за членови Магдалена Вељановска од Стругово, Ненад Шундовски од Демир Хисар, Роберт Зинговски од Демир Хисар и Даниела Трајковски. На комисија беше предложена Даниела Толевска Нешковска, но треба да биди Даниела Трајковски. Други предлози немаше. Со 7 „за“ и 3 „воздржани“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 42. Решение за разрешување на претседател и 6 членови во Совет за заштита на потрошувачите***

Решението за разрешување на претседател и 6 членови во Совет за заштита на потрошувачите беше усвоено од Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 43. Решение за разрешување на претседател и 6 членови во Совет за заштита на потрошувачите***

Решението за разрешување на претседател и 6 членови во Совет за заштита на потрошувачите беше на дневен ред на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Комисијата ги предложи Ивана Димчевска Гиковска, Илче Ангелевски од советниците, Сашо Трампевски од Демир Хисар, Данче Петревска од Кутретино, Филип Цветковски од Демир Хисар и Зоран Здравевски од Вардино. Други предлози немаше. Со 7 „за“ и 3 „воздржани“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 44. Решение за формирање на  Локален совет за превенција***

Решението за формирање на  Локален совет за превенција беше на дневен ред на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Дел од членовите во ова тело влегуваат по клуч зависно од институцијата, а останатите предлози се од невладиониот сектор Горан Шундовски, од бизнис секторот Иван Кузмановски, од верските заедници Тони Смутковски и во член 4 секретар на ЛСП е координатор на активностите на градоначалникот Билјана Пејковска. Други предлози немаше. Со 7 „за“ и 3 „воздржани“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 45. Одлука за формирање на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Демир Хисар***

Одлуката за формирање на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Демир Хисар беше на дневен ред на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Комисијата ги предложи советниците Никола Дранговски, Маја Велеска и Клара Кузамновска, Благоја Ристевски стручно лице, Клара Тодоровска вработена во општина Демир Хисар Лилјана Најдовска и Анастасија Трајковска членови на комисијата за урбанизам и претставници на УЗ Демир Хисар Зоран Стевановски, на МЗ Мургашево Зоран Ѓорѓиевски, МЗ Бараково Рубин Митевски, МЗ Сопотница Дејан Малушовски, МЗ Смилево Зоран Кокиновски, МЗ Суводол Тони Котевски и МЗ Кутретино Николче Вељановски. Други предлози немаше. Со 7 „за“ и 3 „воздржани“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 46. Решение за именување на членови во Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот***

Решението за именување на членови во Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот беше на дневен ред на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателката на комисијата Маја Велеска. Комисијата ги предложи Никола Дранговски, Маја Велеска и Марија Христовска. Други предлози немаше. Со 7 „за“ и 3 „воздржани“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 47 Предлози и прашања***

По оваа точка имаше две барања советниците едногласно одлучија барањата да се разгледуваат на наредна седница.

Претседателот на Советот Никола Дранговски констатира точките од Дневниот ред се исцрпени со тоа ја затвори седница, а за наредна седница советниците ќе бидат известени.

Бр. 17- 20/2
16.01.2026 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Никола Дранговски